РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
24-17-4814
24.11.2017 год.
СКОПЈЕ

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 2 седница одржана на 19.10.2017 година

## Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиска програма Метрологија, менаџмент и контрола на квалитет со потпрограма Метрологија и потпрограма Менаџмент и контрола на квалитет втор циклус студии на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Се акредитира студиска програма **Метрологија, менаџмент и контрола на квалитет со потпрограма Метрологија и потпрограма Менаџмент и контрола на квалитет втор циклус студии на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од две години (четири семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС и со звање:
**- Магистер по технички науки од областа на метрологија (за потпрограма Метрологија) и Магистер по технички науки од областа на менаџмент и контрола на квалитет (за потпрограма Менаџмент и контрола на квалитет)**
Научно - истражувачко подрачје: Техничко - технолошки науки
Научно – истражувачко поле: Контрола на квалитет
Научно – истражувачка област: Метрологија, Статистички методи во контрола на квалитет, Контрола на линија и контрола од линија, Анализа на трошоци за квалитет.

4. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на донесената одлука на Наставно- научен совет на Машински факултет Скопје, втор циклус, студиска програма Метрологија, менаџмент и контрола на квалитет, со потпрограма Метрологија и потпрограма Менаџмент и контрола на квалитет, на 08.02.2017 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 2. седница одржана на 19.10.2017 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски

Република Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје
Машински факултет
Скопје

| Примено: | 15.12.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 294/16 | | |